Врз основа на Решение на Основниот суд во Охрид РВПП 460/21 од 09.02.2021 година, јас Адвокат Антонио Велкоски како овластено лице согласно судската одлука, објавувам

# Ј А В Е Н   П О В И К

За свикување и одржување Собрание на акционерите на
АД „ОХРИДТУРИСТ,,- ОХРИД

Седницата на Собранието на акционерите на АД "ОХРИДТУРИСТ" - ОХРИД ќе се одржи на ден 17.03.2021 година (среда) со почеток во 12.00 часот во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС - Охрид на Улица Партизанска број 8 Охрид.

За седницата на Собранието на акционерите се предлага следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Точка 1 Избор на четири неизвршни членови на Одборот на директори на Хотелско-угостителското Акционерско Друштво "ОХРИДТУРИСТ" – Охрид

Акционерот кој има намера да учествува на Собранието е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Овластеното лице за свикување на Собранието го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието.Списокот се дава на увид на сите учесници на собранието пред првото гласање.

Акционерите на седницата можат да присуствуваат лично или можат да именуваат полномошник коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Полномошникот ги ужива истите права, како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на собранието на друштвото. Акционерот мора да го информира акционерското друштво по писмен пат за назначувањето на свој полномошник на седница на собрание на друштвото. Овластување на полномошник на седница на собрание на друштвото се дава во писмена форма и заверено на нотар.

Акционерот или полномошникот заради утврдување на личниот идентитет се должни известувањето за даденото полномошно да го достават до друштвото, и да приложат и соодветен докумета за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице копија од лична карата или пасош,
2. За акционер правно лице тековна состојба од Централен регистар на на РМ во оригинал не постара од 10 дена.

Достави на полномошна и известувања се вршат во седиштето на АД ОХРИДТУРИСТ-ОХРИД на Улица Партизанска број 8, Охрид.

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество на Собранието за уредно спроведување на процедурата за одржување на Собранието.

Предлог на кандидати за членови на Одборот на директори се дава во писмена форма со објавување на податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото. Претходните податоци треба да им се достапни на акционерите најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на Собранието. Одговорите на поставените прашања на Собранието, друштвото ќе ги објави на својата интернет страница.

Заинтересираните лица и акционери можат да извршат увид и подигање на материјалите подготвени за Собранието во архива на друштвото секој работен ден во време од 12,00 - 14,00 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интеренет страница на друштвото www.ohridturist.mk.

Се задолжуваат стручните служби на Друштвото да извршат објава на официјалната интеренет страница на друштвото, да обезбедат и направат достапни материјалите со предлозите во доволен број на примероци во архивата на Друштвото и да ги достават материјалите со предлозите до Овластениот судски свикувач на Собранието.

ОВЛАСТЕН СУДСКИ СВИКУВАЧ НА СОБРАНИЕТО
Адвокат Антонио Велкоски

АДВОКАТ
АНТОНИО ВЕЛКОСКИ
ул. 810 бр. 2 Скопје